| | |
|---|---|
| **Неделна Тема** | Пораки на пролетта |
| **Содржина на денот** | Пролетни цвеќиња |
| **Возраст** | 3-4 години |
| **Воспитувач** | Весна Спасова |
| | **Дневни активности** |
| **Здрави и безбедни навики** | Разговор на тема-Како може безбедно да се дружиме надвор со другарите и да не го загрозиме нашето здравје. |
| **Активности** | Пролетта е едно од најубавите годишни времиња. Излезете надвор и набљудувајте ги промените на времето, разговарајте со детето дали препознава некои промени во природата и поттикнете да ги опише. Отидете до некоја најблиска цветна градина каде има никнато пролеттни цвеќиња или пак отидете на цветен пазар каде децата ќе имаат можност непосредно да се запознаат со нив (лале, зумбул, нарцис). Запознајте го детето со нивниот изглед, бои, текстура и мирис. Доколку земете цвеќиња за да го украсите Вашиот дом може со децата да играте сензорна игра-препознавање на цвеќињата по мирис и допир. Заврзете ги очите со некоја марама и играта може да започне. Потоа на детето може да му понудите ликовен материјал за да наслика пролетни цвеќиња. |